РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 05_09.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2464/14 | | |

Архивски знак: 0705
Рок на чување: трајно
05.09.12 год. Потпис

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 и 6/12), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **солфеж** за петто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# СОЛФЕЖ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО
МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2012

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет солфеж е застапен во сите години на шестгодишното основно музичко образование (во првиот образовен период – како *солфеж со елементарна теорија на музиката*). Со оглед на ваквата позиција на предметот целта на наставата во шестгодишното основно музичко образование е да се овозможи комплексен музички развој на учениците: развој на музичките способности преку активно вклучување во музицирањето (пеење, свирење), стекнување на неопходни знаења од областа на музичката писменост, запознавање со различни сегменти на музичката култура преку слушање музика и посета на музичките приредби, пројавување на креативни способности. Со тоа, наставата по солфеж треба да придонесе за поттикнување кај учениците желба активно да се занимаваат со музиката и да биде во тесна поврзаност со свирење инструмент. Во ова година продолжува работењето на наставните теми Диктат и Слушна анализа (воведени во вториот образовен период на шестгодишното образование) преку кои се се воспоставува тесна корелација со теоријата на музиката, се развива внатрешниот слух и аналитичкиот пристап кон музиката. Во темата Методика акцентот е ставен како на проширување на знаењата и умеењата, така и на темелното утврдување на претходно обработените содржини и поими. Во темата Ритмика се продлабочува работењето на тактови со триделна поделба на мерна единица, промена на мерна единица и нерамноделни тактови воведени во претходната година. Во темата Слушна анализа се воведува препознавањето на дурски и молски квинтакорд. Наставните теми на предметот се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Наставата по солфеж треба да вклучува и активности базирани врз слушање музички дела, со цел да се развива музичката перцепција, да се доживуваат музичките изразни средства, карактер, ритам. Наставата се изведува во групи од 9 до 15 ученици.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО СОЛФЕЖ ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да развива музички слух во координација со теоријата на музиката;
- да применува навика за култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да го проширува опсегот на гласот;
- да развива музичка меморија;
- да ги разбира неопходните музичко-теориски поими;
- да ги препознава, именува и запишува ноти од скалите до пет предзнаци;
- да го препознава звучењето на дурската и молската скала;
- да го препознава звучењето на трите видови на молската скала;
- да го објаснува начинот на градењето на дурската и молската скала (трите видови);
- да ги објаснува предзнаците во дурската и молската скала;
- да може самостојно да испее мелодиско-ритмичка вежба по ноти во наведените скали;
- да пројавува умеење за солфежирање a vista;
- да развива умеења за солфежирање на полесни двогласни и триогласни примери;
- да пројавува осет за ритам;
- да пројавува умеење да следи ритам (со плескање, тактирање);
- да стекнува умеења за тактирање со промена на мерна единица;
- да ги воочува и да тактира нерамноделните тактови (5/8, 7/8);
- да развива умеења за запишување диктат;
- да развива навика за слушна анализа;
- да изведува ритмички вежби и задачи со детски музички инструменти;
- да пројавува способност за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да изведува движења во музичко-ритмичките активности усогласено со музиката;
- да се ориентира во просторот;
- да пројавува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да пројавува навика за активно, внимателно слушање на музиката;
- да пројавува осет за музичката изразност.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема I: Мелодика | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива музички слух;<br>- да ги сфаќа предзнаците во скалите со 4 и 5 предзнаци;<br>- да ги разликува визуелно и на слух трите видови на молската скала;<br>- да утврдува функции на стапалата;<br>- да развива пејачки глас;<br>- да применува правилна вокална интерпретација при пеење песни и вежби;<br>- да го проширува опсегот на гласот;<br>- да ги развива умеењата за пеење по ноти;<br>- да развива внатрешен музички слух;<br>- да ги развива умеењата за солфежирање на поедноставни двогласни и тригласни вежби; | -Скала **E-dur, As- dur**<br>-Скала **cis-moll** f-moll, (со функции и каденци) – повторување и утврдување<br><br>- Скала **H-dur**<br>- Скала **gis-moll,**<br>- Скала **Des–dur**<br>- Скала **b - moll** сите видови (со функции и каденци)<br><br>- Мелодиски вежби во виолински и бас клуч<br><br>-Канони<br><br>-Лесни 2- гласни и тригласни вежби (странично и паралелно движење) | -Паралелни скали<br><br>- Имињата на тоновите и на скалите<br><br>- Бас клуч (голема и мала октава)<br><br>-Прва октава/втора октава/мала октава/голема октава<br><br>- Интервали до октава (скалични интервали по големина) | - Повторување на скалата **As-dur**, воочување на трите снижувалки.<br>- Повторување на скалата **f-moll** (сите видови) како паралелна.<br>- Солфежирање на мелодиски вежби во **As-dur** и **f-moll.**<br><br>-Откривање на скалата **H- dur** и **gis-moll,** воочување на предзнаците.<br><br>- Откривање на скалата **Des – dur** и **b - moll** воочување на предзнаците.<br><br>- Вежби со латинските имиња на тоновите во скалите, кои се изучуваат.<br><br>-Воочување на интервалите по големина ( до октава) и солфежирање на истите во рамките на дурска и молска скала.<br><br>- Наставникот свири иста композиција, менувајќи го темпото (динамиката), а учениците го следат со тактирање, исто така менувајќи ја брзината (јачината). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива умеења за интонирање интервали во скала;<br>- да развива способност за солфежирање a vista;<br>- да развива музичка меморија;<br>- да ги развива умеењата за транспонирање (усно и писмено);<br>- да ги развива умеењата да чита бас клучот;<br>- да ги проширува знаењата на нотното писмо. | - Пеење детски и народни песни по слух со текст и со имињата на тоновите<br><br>-Интервали – во скала и од зададен тон<br><br>- Примери од музичката литература<br><br>- Елементи на транспонирање | Сите големи, мали и чисти интервали (од 1 до 8) како и зг.4 - н.5 и зг.2 – н.7 во хармонски мол | - Солфежирање на едноставни двогласни и тригласни канони (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање со и без придружба на инструмент. Да се внимава на тактирањето).<br><br>-Солфежирање на полесни двогласни примери (странично, паралелно и спротивно движење): еден глас се пее, друг се свири на пијано (горниот глас со десна рака, долниот со лева). (Напредните ученици може да ги изведуваат и тригласните примери.)<br><br>- Солфежирање и свирење по ноти на ДМИ на едноставни вежби, примери од литература и канони, полесни двогласни вежби во сите изучени скали.<br><br>- Наставникот свири или пее кратки примери, а учениците ги солфежираат со ноти (заедно и поединечно).<br><br>- Транспонирање на лесните примери усно (пеење, свирење) и писмено.<br><br>- Игри и квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Тема II: Ритмика | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да развива чувство за ритам;<br>- да развива умеења за ритмичко читање (парлато) на нотниот текст;<br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот;<br>- да ги применува четвртина, половина, осмина и четвртина со точка мерна единица;<br>-да ги препознава и применува 2/2, 3/2 и 6/4 такт;<br>-да ги препознава и применува 3/8, 6/8, 9/8, 12/8 тактови;<br>- да стекнува навика за промена на мерна единица;<br>- да го доживува и осознава нерамноделните (5/8 и 7/8 тактови со сите начини на внатрешната поделба;<br>- да доживува промена на метар на слух во музичките примери; | - мерна единица четвртина и половина нота<br>- Тактови: 2/2<br>- 4/4 на два (со нотни вредности до шеснаестина), 3/2 и 6/4<br><br>- Тактови: 3/8, 6/8, 9/8, 12/8 (мерни единици осмина нота и четвртина со точка, нотни вредности до шеснаестина)<br><br>-Нерамноделен 5/8 (2+3, 3+2) и 7/8 (3+2+2, 2+2+3, 2+3+2)<br><br>- Промена на тактови (во рамки на иста мерна единица) | -Половина мерна единица<br><br>-Осмина мерна единица<br><br>-Нерамноделни тактови | - Ритмички вежби со сите комбинации во 2/2, 3/8, 6/8, 9/8 такт (при тактирањето секојпат да се нагласува силното време).<br><br>- Воочување на различни траења на слоговите преку ритмичко изговарање на бројалките, брзозборките и текстовите од песничките придружено со плескање со раце, тропкање со нозе, музичко-ритмички движења, свирење на Орфови инструменти (ритмички).<br><br>-Воочување и споредување на тројна поделба на четвртина (триола) и тројна поделба во 3/8, 6/8, 9/8 и 12/8 такт.<br><br>-Воочување на нерамноделен такт 7/8 (врз пример од народното творештво) по слух со различни ритмички вежби и играње.<br><br>-Воочување и осознавање на нерамноделен такт 7/8 во нотниот текст. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознава и применува промена на тактот во сопствената изведба (солфежирање и свирење на ДМИ);<br>- да придружува мелодија со свирење на орфови инструменти (ритмички);<br><br>- да стекне почетни сознанија за дуола. | - Ритмичко читање (парлато) на нотен текст во виолински и бас клуч<br><br>- Ритмичко читање на примери од инструментална литература<br><br>-Дуола (информативно) | | - Воочување и примена на промената на тактот во вежби за солфежирање и свирење на ДМИ.<br><br>- Читање парлато со тактирање.<br><br>- Свирење на ритмички примери (запишани на една и две линии) на орфови инструменти (ритмички). Пред да се отсвири, примерот може да се изговори парлато на неутрален слог „та" со тактирање. Оваа активност може да се изведува во 2 групи: 1-та група свири, 2-та изговара парлато со тактирање и обратно.<br><br>- Свирење на ДМИ и изговарање парлато во групи (секоја група – свој ритам).<br><br>-Солфежирање на едноставни едногласни примери со ритмичка придружба (со тропкање со рака/молив) самостојно и во групи (парови).<br><br>- Игри и квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Тема III: Диктат | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичкатата:<br><br>- да пројавува умеења за меморирање и репродуцирање на кратки ритмички и мелодиски фрази;<br><br>- да пројавува умеења за запишување на ритмички и мелодиски диктат;<br><br>- да ги доживува и разбира елементите на музичката структура (мотив, фраза) на слух;<br><br>- да ги применува стекнатите знаења за запишување на ритмички и мелодиски диктат;<br><br>- да ја развива музичката меморија;<br><br>- да го развива внатрешниот слух. | Сите содржини од МЕЛОДИКА и РИТМИКА | Диктат<br><br>Сите поими од содржините МЕЛОДИКА и РИТМИКА | Да се практикуваат следниве постапки:<br>А) 1. целосно свирење;<br>2. свирење по двотакти (фрази) и запишување;<br>3. целосно свирење за проверка.<br><br>Б) Целосно свирење без делење на фрази, за учениците да стекнат навика за ориентација во целосна форма и меморирање на покрупни целини. |

| Тема IV: Слушна анализа | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/Ученичката:<br>- да пројавува умеења за разликување и именување на интервалите (хармонски и мелодиски) во скала и од зададен тон;<br>- да пројавува умеења за разликување и именување на дурски и молски квинтакорд. | Сите интервали до ч.8 како скалични и од зададен тон<br>- 3г.4 и нам.5 во дур и хармонски мол<br>- зг. 2 и нам. 7 во хармонски мол<br>- Дурски и молски квинтакорд од зададен тон и како тоничен во дурска и молска скала | Називи на сите интервали до ч.8<br>- Скалични интервали<br>- Интервали од зададен тон | -Сите интервали до ч.8 како скалични на сите стапала во дур и мол (со претходно наштимување во скалата);<br>скалични во дур: зг.4 на IV и нам.5 на VII;<br>скалични во мол: зг.4 на IV и нам.5 на VII, нам.7 на VII и зг.2 на VI<br>учениците да го кажат интервалот по вид и големина и стапалото на долниот тон.<br>(При обработката на интервалите во мол да се обрне внимание на разликувањето на зг.4 на VI -нам.5 на II во природен вид и зг.4 на IV -нам.5 на VII во хармонски вид.)<br>-Истите интервали од зададен тон без претходно наштимување, учениците да го кажат интервалот по вид и големина.<br>-Дурски и молски квинтакорд од зададен тон и како тоничен во дурска и молска скала.<br>-Запишување на интервалските редоследи во скала: ознаката на интервалот и стапалото во долниот глас. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Наставните теми се тесно заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите треба да се одвива преку интеграција со друга тема (на пример, совладувањето на ритмичките проблеми во примерите за солфежирање и свирење на ДМИ, застапеноста и анализата на одредени интервали и акорди во примери за солфежирање и диктат).
- Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (музички примери од различни стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразни средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).

- Се препорачуваат вежби со различни структури на текстови заради полесно совладување на различните ритмички групи и промена на мерна единица.
- Се препорачуваат музичко-ритмички движења (плескања со раце, тропкања со нозе, движења во простор) за доживување на нерамноделните тактови, промена на мерна единица и други ритмичките карактеристики на музиката.
- Се препорачува користење на ДМИ за совладување на ритамот: промена на мерни единици, нерамноделните тактови, придружба на мелодијата и композициите што се слушаат.
- При тактирањето на вежбите со промена на мерна единица наставникот да внимава да се зачува истото темпо на изведбата на вежбата, а со тоа – јасен соднос на мерните единици (1:2 во 4/4 такт и 1:3 во 3/8, 6/8, 9/8 и 12/8 такт).
- Се препорачува изведување на писмен диктат на секој час, вежбите да бидат едноставни и совладливи за запишувањето преку целосно свирење на диктатот при што во вежбите за диктат да се воведуваат изучените содржини од мелодиката и ритмиката.
- Наставната тема „Слушна анализа" подразбира слушање и препознавање на интервалите и квинтакордите во и вон скалата (во скалата – функционално размислување со забележување на стапалата од кои е составен интервалот, пред сѐ – неговиот долен тон, вон скала – препознавање на звучноста на интервалот/акордот). Работејќи со скаличните интервали, покрај усното именување, наставникот треба да практикува и нивното запишување со шифрирање (види: Слушна анализа/Активности и методи). Интервалските редоследи во скала треба да ја одразуваат хармонската логика и логика на движењето на гласовите, за да можат да се користат за двогласно пеење (но и за едногласно, од долниот кон горниот тон).
- Треба да се продолжат активностите сврзани со организацијата и следењето на едукативно-уметничките активности во текот на целата учебна година.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови:*
Мелодика - 18 часа; Ритмика - 16 часа; Диктат - 16 часа; Слушна анализа -14 часа (бројот на часовите е даден ориентационо).

➢ **Наставни средства:**
- учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- разни извори за учење од непосредната околина (предмети во природата и околкината);
- визуелни средства (сликик, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците и се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно

оценување). При следењето на постигањата на учениците наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во оценувањето на постигањата на секое поединечно дете. Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се препорачува одржување на јавен час отворен за родителите и за другите наставници на кој учениците би имали ножност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигнувања.

Испит: 1. диктат;
2. мелодиска вежба а виста;
3. интервали и акорди од зададен тон и во скала (усно).

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лицето кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија
- факултет за музичка уметност – оддели за:
  - композиција;
  - диригирање;
  - музикологија
  - етномузикологија;

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да пројави музички слух во координација со изучените теориски поими;
- да примени умеења за правилна вокална интерпретација;
- да го прошири опсегот на гласот;
- да пројави музичка меморија во запишувањето диктат, солфежирањето, изведбата на ритмичките вежби и слушната анализа;
- да ги разбере неопходните музичко-теориски поими;
- да ги препознае, именува и запишува скалите до пет предзнаци;
- да ги пее скалите до пет предзнаци;

- да ги објасни предзнаците во изучените дурски и молски скали;
- да пее самостојно мелодиско-ритмичка вежба по ноти во изучените скали;
- да пројави умеење за солфежирање a vista;
- да пројави умеења за солфежирање на полесни двогласни и тригласни примери во изучените скали;
- да пројави осет за ритам;
- да пројави умеење да следи ритам (со плескање, тактирање);
- да ги препознава и применува изучените ритмички фигури во мелодиските и ритмичките вежби и во диктатот;
- да пројави умеења за тактирање со промена на мерна единица;
- да го воочи и да тактира нерамноделниот 5/8 (2+3 и 3+2) и 7/8 (3+2+2, 2+2+3, 2+3+2) такт;
- да пројави умеења за запишување диктат;
- да пројави навика за слушна анализа;
- да изведе ритмички вежби и задачи со детски музички инструменти;
- да се пројави сопствено музичко изразување;
- да пројави интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да пројави навика за активно, внимателно слушање на музиката;
- да пројави осет за музичката изразност;
- да пројави самодоверба во изведување на музичките активности;
- да покаже соработка со врсници;
- да покаже одговорност во тимско и самостојно работење;
- да покаже разбирање за правилата на однесувањето во музичките активности на потесната и поширoката средина.

**Изготвил:** Работна група формирана со решение број 02-559/1 од 09.02.2012 година
**Координатор:** м-р Анкица Витанова, советник, Биро за развој на образованието
**Контролирал:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор

**Одобрил**: м-р Весна Хорватовиќ, директор

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по **солфеж** за петто одделение на шестгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 3.09. 2012

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-4357/5
04.09 2012 год.
СКОПЈЕ

Министер

м-р Панче Кралев